# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 161** **5 август 2025, вторник** **година LXXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3550. | **Решение** за именување на прв вршител на должност директор на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија…………………………….. | 2 |
| 3551. | **Програма** за дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2025 година…………………. | 2 |
| 3552. | **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година…................................... | 2 |
| 3553. | **Календар** за организација и работа на јавните средни училишта во учебната 2025/2026 година……….. | 4 |
| 3554. | **Одлука** за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на Општина Прилеп…………… | 7 |
| 3555. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за постапување со одземен имот………………. | 13 |
| 3556. | **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на користење на средствата добиени од продажба и закуп на одземен и конфискуван имот…………………………………. | 15 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3550.**

Врз основа на член 50 став (2) од Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25) и член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 август 2025 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРВ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ИНОВАЦИИ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. За прв вршител на должноста директор на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија, се именува Даниела Димовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-7714/1
5 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**3551.**

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24 и 151/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 август 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА

I. Во Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 61/25 и 102/25), во дел I во ставот 3 по алинејата 1 се додаваат две нови алинеи 2 и 3, кои гласат:

„- Изградба на детска градинка во општина Гази Баба н.м. Сингелиќ 2;

- Изградба на објект „Пролет 1” на Јавна установа за деца - Детска Градинка „Буба Мара” во Општина Аеродром и”.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7612/7
1 август 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**3552.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАНЛИВИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година („ Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.154/25) во член 2 став (2) во точката 2 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 2 се додаваат две нови точки 3 и 4 кои гласат:

„3. коешто е во состојба на енергетска сиромаштија, поради недостапност до основните енергетски услуги, кои обезбедуваат прифатливи стандарди за живеење и за здравјето, вклучувајќи соодветно греење, топла вода, ладење, осветлување и енергија за напојување на апаратите во домаќинството, неможност за примена на мерки за енергетска ефикасност поради ниските приходи или високиот удел на трошокот за енергија во вкупниот приход на домаќинството, во согласност со член 10 став (1) точка 1 од Законот за енергетика (*), а чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво во 2024 година не го надминувал износот од:

- 25.000,00 денари за едночлено домаќинство;
- 31.000,00 денари за домаќинство со два члена;
- 37.000,00 денари за домаќинство со три члена и
- 43.000,00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена и

4. во кое единствен приход е од корисник на пензија чиј износ е понизок од износот на просечната пензија согласно со закон, во согласност со член 10 став (1) точка 5 од Законот за енергетика (*), а чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво во 2024 година не го надминувал износот од:

- 15.700,00 денари за едночлено домаќинство;
- 19.800,00 денари за домаќинство со два члена;
- 23.700,00 денари за домаќинство со три и повеќе члена.”.

Во ставот (4) по зборовите „од став (2)” се додаваат зборовите „точки 1 и 2”.

Член 2

Во членот 3 се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Корисниците на гарантирана минимална помош кои остваруваат паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во согласност со член 42 од Законот за социјална заштита и старите лица согласно член 7 од Законот за социјална сигурност за старите лица, не можат да се стекнат со право на инвертер-клима уред.”.

Член 3

Во членот 4 по ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6) кои гласат:

„(4) Ранливите потрошувачи на енергија од член 2 став (2) точки 3 и 4 од оваа програма, се стекнуваат со правото на купен и вграден инвертер клима уред со моќност од 3.5 kW, кој има најмалку енергетска класа А+.

(5) Доделувањето на правото на купен и вграден инвертер клима уред со моќност од 3.5 kW, кој има најмалку енергетска класа А+ од ставот (4) на овој член го врши Министерството преку селекција на пристигнатите барања од ранливите потрошувачи за секоја од категориите наведени во член 2 став (2) точки 3 и 4 од оваа програма, се до исцрпување на предвидените средства од член 9 ставови (5) и (6) од оваа програма, според принципот најниски приходи во домаќинство во 2024 година.

(6) Ранливите потрошувачи на енергија од член 2 став (2) точки 3 и 4 од оваа програма, се стекнуваат со правото на купен и вграден инвертер клима уред со моќност 3.5 kW, кој има најмалку енергетска класа А+ доколку:

- во изминатите пет календарски години не користеле субвенција или право на поврат на средства за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди и/или печки на пелети од било кој извор и
- станбениот објект во кој живее домаќинството нема приклучок на системот за дистрибуција на топлинска енергија.“.

Член 4

Во членот 5 став (1) во воведната реченица по зборовите „од член 4” се додаваат зборовите „став (1)”.

Во ставот (2) по зборовите „од член 4” се додаваат зборовите „став (1)”.

Во ставот (6) по зборовите „од членот 4” се додаваат зборовите „став (1)”.

По ставот (10) се додаваат седум нови става (11), (12), (13), (14), (15), (16) и (17) кои гласат:

„(11) Реализацијата на правото на купен и вграден инвертер клима уред од член 4 став (4) од оваа програма ќе се одвива на следниот начин:

- Министерството во месец август 2025 година ќе распише јавен оглас на веб-страницата на Министерството www.energy.gov.mk и во два дневни весници со времетраење од 60 дена;
- барањето за искористување на правото на вкупен и вграден инвертер клима уред се доставува во писмена форма лично од барателот или преку пошта до Министерството на пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството или да се обезбеди преку веб-страницата на Министерството: www.energy.gov.mk и
- со барањето за искористување на правото на купен и вграден инвертер клима уред се доставува и потребната документација наведена во јавниот оглас од алинеја 1 на овој став со која се докажува и исполнетоста на условите за искористување на правото на купен и вграден инвертер клима уред од оваа програма.

(12) За спроведување на активностите за реализација на правото на купен и вграден инвертер клима уред од член 4 став (4) од оваа програма, министерот формира две комисии, односно по една комисија составена од по три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството и тоа: една комисија за ранливи потрошувачи со ниски приходи и една комисија за корисници на пензија.

(13) Комисиите од ставот (12) на овој член ги разгледуваат пристигнатите барања поднесени заклучно со последниот ден наведен во јавниот оглас, заедно со потребната документација и го утврдуваат точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања. Согласно Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност и Законот за заштита на личните податоци (*), комисиите ќе побараат од снабдувачите со топлинска енергија на територијата на Град Скопје, податоци дали одделни баратели се домаќинства чии станбени објекти се приклучени на системот за дистрибуција на топлинска енергија, како и податоци за личниот доход на барателите од Министерството за финансии-Управата за јавни приходи.

(14) Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација со која се докажува исполнетоста на условите за искористување на правото на купен и вграден инвертер клима уред од оваа програма, не може да се стекнат со правото на купен и вграден инвертер клима уред со моќност од 3.5 kW, кој има најмалку енергетска класа А+.

(15) Комисиите од ставот (12) на овој член за лицата кои имаат поднесено уредна и комплетна документација, му предлагаат на министерот да донесе решение за стекнување на правото на купен и вграден инвертер клима уред со моќност од 3.5 kW, во кој има најмалку енергетска класа А+. Списокот со лица кои се стекнале со правото на купен и вграден инвертер клима уред согласно оваа програма, се објавува на веб-страницата на Министерството.

(16) Министерството ќе спроведе постапка за имплементација и мониторирање на оваа програма која ќе вклучи набавка и монтирање-вградување на инвертер клима уреди согласно Законот за јавните набавки (*).

(17) Доколку корисникот на правото на купен и вграден инвертер клима уред има постоечки клима уред во својот дом на чие место сака да го монтира добиениот инвертер клима уред, постапката за демонтирање на веќе постоечкиот клима уред и трошоците за истиот се на товар на корисникот.“ .

Член 5

Во членот 9 ставот (1) се менува и гласи:

„За спроведување на оваа програма, дел од средствата во износ од 48.300.000,00 денари се наменети за финансиска поддршка за домаќинствата од член 2 став (2) точка 2 од оваа програма и се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 10101-Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 32–Развој на енергетиката, Ставка 464–Разни трансфери, наменети за финансиска поддршка на ранливи потрошувачи на енергија.”.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) За спроведување на оваа програма, дел од средствата во износ од 170.000.000,00 денари се наменети за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата преку стекнување на правото на купен и вграден инвертер клима уред согласно член 2 став (2) точки 3 и 4 од оваа програма и се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 10101-Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 32–Развој на енергетиката, Сметка 631-Расходи на основен буџет, Ставка 464–Разни трансфери, наменети за финансиска поддршка на ранливи потрошувачи на енергија.”.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

„(5) Дел од средствата од став (2) на овој член во вкупен износ од 120.000.000,00 денари ќе се користат за поттикнување на енергетската ефикасност на ранливите потрошувачи од член 2 став (2) точка 3 од оваа програма и тоа:

- 35.000.000,00 денари за едночлено домаќинство,
- 30.000.000,00 денари за домаќинство со два члена,
- 30.000.000,00 денари за домаќинство со три члена и
- 25.000.000,00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена.”.

По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Дел од средствата од став (2) на овој член во вкупен износ од 50.000.000,00 денари ќе се користат за поттикнување на енергетската ефикасност на ранливите потрошувачи од член 2 став (2) точка 4 од оваа програма и тоа:

- 20.000.000,00 денари за едночлено домаќинство,
- 20.000.000,00 денари за домаќинство со два члена,
- 10.000.000,00 денари за домаќинство со три и повеќе члена.”.

Член 6

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7615/9
5 август 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.